Врз основа на член 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/14, 153/15 и 192/15) и член 13 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.77/13), а во врска со член 26, од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/07, бр.130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15 и 192/15), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе:

**ОДЛУКА**
**за менување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за катастар на недвижности**

1. Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за катастар на недвижности, **бр.0101-19748/1 од 25.12.2015 година и бр.0102-581/1 од 14.01.2016 година** се менува во следните ставки:
   - реден број 11 – јавна набавка на „Патнички возила на лизинг (во времетраење од 3 години) зборовите „на лизинг“ се бришат;
   - реден број 12 - јавна набавка на „Изведба на заштита со ФМ200 за зграда на ЦКН (стара зграда) “ од делот I.Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки се брише се пренесува во дел III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи;
   - реден број 36 – јавна набавка на „Одржување на е-Кат (во времетраење од 2 години)“ се брише;
   - реден број 68 – јавна набавка на „Услуги за поправка и одржување на автомобили (сервисирање на моторни возила) со набавка на резервни делови“ во колоната очекуван почеток Август се менува со Март;
   - реден број 70 – „Хортикултурни услуги (Одржување на зеленило)“ во колоната Очекуван почеток Септември се менува со Март;
   - реден број 73 – „Услуги за поправка и одржување на објекти, електрични инсталации, систем за вентилација, хигиено-техничко одржување на простории, климатизери и централна климатизација и инсталација на топловодно греење со набавка на резервни делови“ во колоната Очекуван почеток Септеми се менува со Март.

2. Годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за катастар на недвижности, **бр.0101-19748/1 од 25.12.2015 година и бр.0102-581/1 од 14.01.2016 година , согласно Договорот за групна набавка за објект во Струмица арх.бр.0307 – 2549/1 од 16.02.2016 година,** се дополнува со редни броеви од 78 до 85 кои гласат на следниот начин

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки | | | | | |
| 78 | Потрошни материјали за тоалети за објект во Струмица (за 2 години) | | Февруари | / | Постапка со барање за прибирање на понуди | Согласно со Договор за групна набавка |
| 79 | Набавка на мебел за објект во Струмица | | Февруари | / | Постапка со барање за прибирање на понуди | Согласно со Договор за групна набавка |
| | | | | | | |
| | II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги | | | | | |
| 80 | Одржување на лифт во објект во Струмица (за 2 години) | | Февруари | / | Постапка со барање за прибирање на понуди | Согласно со Договор за групна набавка |
| 81 | Одржување и адаптирање на систем „земи бројче” (за 2 години) | | Февруари | / | Постапка со барање за прибирање на понуди | Согласно со Договор за групна набавка |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 82 | Одржување на хигиена и тековно одржувањ во објект во Струмица | | Февруари | / | Отворена постапка | Согласно со Договор за групна набавка |
| 83 | Одржување и уредување на дворна површина во објект во Струмица (за 2 години) | | Февруари | / | Постапка со барање за прибирање на понуди | Согласно со Договор за групна набавка |
| 84 | Одржување на дизел агрегат на објект во Струмица (за 2 години) | | Февруари | / | Постапка со барање за прибирање на понуди | Согласно со Договор за групна набавка |
| 85 | Одржување на влезно излезни рампи во објект во Струмица (за 2 години) | | Февруари | / | Постапка со барање за прибирање на понуди | Согласно со Договор за групна набавка |

3. Во останатиот дел Годишниот план за јавни набавки за 2016 година, останува непроменет.

4. Со извршените измени наведени во точка 1 од оваа одлука вкупната вредност на проценетиот износ на Планот за јавни набавки за потребите на Агенцијата за катастар на надвижности за 2016 година, се зголемува за 1.100.000 денари и изнесува вкупно 192.200.000 денари.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

У П Р А В Е Н О Д Б О Р
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Анета Јорданова, с.р.